

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 65,
МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТЕКА МИХАЈЛОВО

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТЕКА МИХАЈЛОВО ВО ДОЛЖИНА ОД 2000М. ВО МОМЕНТОТ ПОСТАВЕНИ СЕ 68 ДЕКОРАТИВНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 6М И 2 СТОЛБА ОД 10М, НА КОЈ СЕ ПОСТАВЕНИ 68 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 40 W И 2 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 100 W. ИСТО ТАКА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ И СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ОСВЕТЛУВАЊЕТО СО МОЖНОСТ ЗА МОНИТОРИНГ И КОНТРОЛА ПРЕКУ ЦЕНТРАЛИЗИРАНИОТ СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ СО УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!



ВИ ЈА ПРЕНЕСУВАМЕ ПРАЗНИЧНАТА АТМОСФЕРА ОД СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО

СОНЦЕ, ОДЛИЧНА МУЗИКА И ГОЛЕМ БРОЈ ПОСЕТИТЕЛИ КОИ ОДЛУЧИЈА МИХАЈЛОВО ДА БИДЕ НИВНИОТ ИЗБОР ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА













# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОТОАР НА УЛИЦИТЕ „МЕТОДИЈА ЦУНОВ ЏИКОТ" И „БРАЌА ЦУНОВИ" ЗА НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ И ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.





НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА РЕСАВСКА
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ. „РЕСАВСКА" ВО ДОЛЖИНА ОД 350М. ПОСТАВЕНИ СЕ 11 СТОЛБА ОД 10М И 11ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 94W.
ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА НИСКОНАПОНСКА НАДЗЕМНА МРЕЖА НА УЛИЦИТЕ „ЌИРО СПАНЏОВ" „БРАЌА ХАЏИ ТЕФОВИ",БОРИС КИДРИЧ" И „РАЈНА СОКОЛОВА".
ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ВО ВРЕДНОСТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА СТРАШО ПИНЏУР

ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ. „СТРАШО ПИНЏУР" ОД УЛ „ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ" ДО УЛ „НАРОДЕН ФРОНТ", ВО ДОЛЖИНА ОД 260М. ПОСТАВЕНИ СЕ 9 СТОЛБА ОД 10М И 11ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 94W.

ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





СИТЕ ПАТНИ ПРАВЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА ПРОДНИ И БЕЗБЕДНИ ЗА СООБРАЌАЈ!

ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕНЗИВНО НА ТЕРЕН ВО ДЕНОВИТЕ КОГА ИМАШЕ ОБИЛНИ ВРНЕЖИ ОД СНЕГ , ИСЧИСТЕНИ БЕА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ ВО РИДСКО ПЛАНИНСКИОТ ДЕЛ И ТОА НА ВИСОРАМНИНАТА ВИТАЧЕВО, БОШАВИЈАТА, ПОДКОЖУВЈЕТО И ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ.

СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО ВО НАЈАВА БЕА НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ, ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ОСТАНА СО РАБОТА НА ТЕРЕН И СО ИСТАТА ДИНАМИКА ЈА СЛЕДЕШЕ СОСТОЈБАТА ВО ТЕКОТ НА НОЌТА И РАНИТЕ УТРИНСКИ ЧАСОВИ И БЛАГОВРЕМЕНО РЕАГИРАШЕ И ИНТЕРВЕНИРАШЕ СОГЛАСНО КАТЕГОРИЗАЦИЈАТА НА УЛИЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВИКЕНД ВО СКИ ЦЕНТАР „МИХАЈЛОВО"
ДНЕВНА ЗАБАВА, ОДЛИЧНИ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ И ГОЛЕМ БРОЈ НА ПОСЕТИТЕЛИ
НАЈУБАВОТО ОД КОЖУВ ПЛАНИНА
СКИ ЦЕНТАР "МИХАЈЛОВО"









СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА „ЕКО ЖИВОТ" И НИВНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ИМ ПОДЕЛИЈА ФЛАЕРИ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ СО КОИ ИСТИТЕ БЕА ЗАПОЗНАТИ ЗА ВЛИЈАНИЈАТА ОД ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ.

КЛУЧЕН ФАКТОР ВО БОРБАТА ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО Е И САМОТО НАСЕЛЕНИЕ КОЕ СО НИВНОТО ЗАЛАГАЊЕ ЗА ПРАВИЛНО ЗАГРЕВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА БИ ПРИДОНЕЛЕ ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛИ ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОЌНО СКИЈАЊЕ ВО СКИ ЦЕНТАР „МИХАЈЛОВО„
СПУШТЕТЕ СЕ ПО ОСВЕТЛЕНАТА ПАТЕКА И УЖИВАЈТЕ ВО НОЌНИОТ СНЕЖЕН СЈАЈ
ИЛИ ЕДНОСТАВНО ПОВЕЛЕТЕ ВО БАЧИЛО БАР НА ВКУСНА ХРАНА И ТОПЛИ НАПИТОЦИ







НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА БРАЌА ЏУНОВИ
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, СПУШТАЊЕ НА НАДЗЕМНАТА МРЕЖА ПОДЗЕМНО, НА УЛ.„БРАЌА ЏУНОВИ" И ДЕЛ ОД КЕЈОТ, ОД УЛ. „7МИ СЕПТЕМВРИ" ДО УЛ. „ПРЕСПА"ВО ДОЛЖИНА ОД 950М. ПОСТАВЕНИ СЕ 26 СТОЛБА ОД 10М, 5 СТОЛБА ОД 5М И 13ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 50W И 27 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 94 W.
ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ РЕСАВА-КОСОВЕЦ!
ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО РЕСАВА ДО М.В КОСОВЕЦ, НА ПОВРШИНА ОД 1400М2, И ОПФАЌА ОДВОДНУВАЊЕ, ТАМПОНИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТИОТ.
КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ КОЈ Е ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА „РАЈКО ЖИНЗИФОВ"
ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОСТОЕЧКАТА НАДЗЕМНА МРЕЖА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ" ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, СПУШТАЊЕ НА НАДЗЕМНАТА МРЕЖА ПОДЗЕМНО И ДООСВЕТЛУВАЊЕ, НА УЛ.„РАЈКО ЖИНЗИФОВ" ОД УЛ.ШИШКА ДО УЛ.„СМИЛИЦА" И УЛ.„ДОМОВИЦА", ВО ДОЛЖИНА ОД 300М. ПОСТАВЕНИ СЕ 5 СТОЛБА ОД 8М, 5 СТОЛБА ОД 5М И 5ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 60W И 5 ЛЕД СВЕТИЛКИ ОД 19W.
ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ОД 65 МИЛИОНИ ДЕНАРИ!





ИНТЕНЗИВНА ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ ОД ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ!
СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА МИНОР И МАЈОР КОРИТОТО, ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КЕЈОТ. НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД.




ПОДГОТОВКИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА ПОВРШИНА ОД 380М2 НА БУЛЕВАР „МОША ПИЈАДЕ" ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПАТ ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ, ТИКВЕШКО ЕЗЕРО НА ПОВРШИНА ОД 3000М2, КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ СЕЛА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





АСФАЛТИРАЊЕ ПРВА ФАЗА НА УЛ. „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ“ НА ПОВРШИНА ОД 800М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НОВА ВЛЕЗНА И ИЗЛЕЗНА ЛЕНТА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1107 РОСОМАН – КАВАДАРЦИ!

АСФАЛТИРАЊЕТО ВО ДВА СЛОЈА НА ВЛЕЗНА И ИЗЛЕЗНА ЛЕНТА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1107 РОСОМАН – КАВАДАРЦИ ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА КРСТОСНИЦА КОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ГЛИШИЌ, ВО ДОЛЖИНА ОД 740 МЕТРИ И НА ПОВРШИНА ОД 1300М2.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!







ИЗГРАДБА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА МИНОР И МАЈОР КОРИТОТО, ОД БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КЕЈОТ. НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД.

ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ.

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ" КОЈА ОПФАЌА КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА СОБИТЕ, ТОАЛЕТИТЕ, КУЈНА,ХОДНИЦИ И ВЛЕЗНИ ПАРТИИ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 5.500.000 ДЕНАРИ, ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЈОСКА ТРАНС ОД БИТОЛА.







ПОСТАВЕНА Е НОВА УРБАНА ОПРЕМА - КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ. ГОДИНАВА БЕА ПРЕДВИДЕНИ 26 КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ И СЕ ПОСТАВИЈА НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:
8 КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ ВО НОВИОТ ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ", ОСТАНАТИТЕ 18 СЕ ПОСТАВИЈА ВО ДЕЛ ОД ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е МЕТАЛ АПОСТОЛОВ.





# НАСТАНИ

ДЕВОЈЧЕ И МОМЧЕ СЕ ПРВИТЕ РОДЕНИ БЕБИЊА ВО НОВАТА ГОДИНА ВО ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ, А ДЕНЕСКА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ НА НИВНИТЕ МАЈКИ МЕРИ ЃОРГИЕВА И АНИЦА БАСНАРКОВА ИМ ВРАЧИ ЦВЕЌЕ И ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ, КОИ ГРАДОТ КАВАДАРЦИ ТРАДИЦИОНАЛНО ГИ ДОДЕЛУВА НА ПРВОРОДЕНИТЕ ДЕЦА ВО НОВАТА ГОДИНА.

ОВАА ТРАДИЦИЈА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЈА ИСТАКНЕ ВАЖНОСТА НА СЕМЕЈСТВОТО И ДА ГО СИМБОЛИЗИРА СРЕЌНИОТ ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА. НОВАТА ГОДИНА НЕКА ДОНЕСЕ ЗДРАВЈЕ, СРЕЌА И ЉУБОВ НА БЕБИЊАТА, НИВНИТЕ МАЈКИ И СЕМЕЈСТВА.







ВО КАСАРНАТА ВО ПЕТРОВЕЦ, СЕ ПОЛОЖИ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД БИСТАТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР, ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ КАКО И ПРЕТСТАВНИК ОД ЗДРУЖЕНИЕТО- СЛЕДБЕНИЦИ НА БОРЦИТЕ ОД НОБ КАВАДАРЦИ ПРИСУСТВУВАШЕ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПАТРОНИОТ ДЕН НА КАСАРНАТА.

ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА СТРАШО ПИНЏУР СЕ ДЛАБОКО ВРЕЖАНИ НЕ САМО ВО ПИШАНИТЕ ДОКУМЕНТИ И МАТЕРИЈАЛИ, ТУКУ И ВО СВЕСТА И ПАМЕТЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД А ПОСЕБНО НА ЛУЃЕТО ОД ТИКВЕШКИОТ КРАЈ.





# НАСТАНИ

ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА!
БАДНИКОВ РУЧЕК 2025!
ПОДГОТОВКИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ЗАЕДНИЧКИ РУЧЕК НА БАДНИК СО НАШИТЕ СОГРАЃАНИ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНО МАЛКУ РАДОСТ, ДРУЖЕЊЕ И СРЕЌА. ПРИГОТВЕН ОД ВЕШТИТЕ РАЦЕ НА НАЈГОЛЕМАТА КУВАРСКА ФЕЛА И НАЈГОЛЕМИТЕ ШЕФОВИ НА КУЈНИ ШИРУМ ДРЖАВАТА. ЗАТОА ШТО МАГИЈАТА НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ Е ТОКМУ ВО СПОДЕЛУВАЊЕТО НА ЗАЕДНИЧКИ МОМЕНТИ.
СРЕЌЕН БАДНИКОВ ДЕН
ЗА МНОГУ ГОДИНИ!















# НАСТАНИ

БЛАГОДАРНИЦИ ЗА СИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ ГОТВАЧИ КОИ ГОТВЕА РЕЧИСИ 24 ЧАСА ЗА ДЕНЕШНИОТ БАДНИКОВ РУЧЕК КОЈ ИМ ГО ПРУЖИВМЕ НА ОКОЛУ 3600 ГРАЃАНИ ВО ПРЕСРЕТ НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ! ЗА КУВАРСКАТА ФЕЛА КОЈА НЕСЕБИЧНО СЕ ЗАЛАГА ЧЕТВРТА ГОДИНА ПО РЕД, ГРАЃАНИТЕ ДА ДОБИЈАТ ТОПОЛ ОБРОК ЗА НАЈГОЛЕМИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ПРАЗНИК
ЗА МНОГУ ГОДИНИ БАДНИК!

















# НАСТАНИ

БАДНИКОВА ПОВОРКА 2025

ВО ПРЕСРЕТ НА НАЈГОЛЕМИОТ ПРАВОСЛАВЕН ПРАЗНИК БАДНИК, МПЦ ЗАЕДНО СО СВЕШТЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЦИ, ОРГАНИЗИРАА ТРАДИЦИОНАЛНА БАДНИКОВА ПОВОРКА, ОД ХРАМОТ „СВ. ПЕТКА" ПО УЛ. „ИЛИНДЕНСКА" СЕ ДО ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ, НА КОЈА УЧЕСТВУВАА НАД 150 ДЕЦА УЧЕСНИЦИ ПРИДРУЖУВАНИ ОД СВЕШТЕНИ ЛИЦА. БЕА ПРЕЧЕКАНИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ И ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ БАДНИКОВИ ПАКЕТЧИЊА КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КАМ МАРКЕТИ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ТОПЛИ НАПИТОЦИ ПОДГОТВЕНИ ОД НАЈДОБРИТЕ БАРМЕНИ ВО МАКЕДОНИЈА.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ!











ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОДРЖА РАБОТНА СРЕДБА СО ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, НА КОЈА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ДОСЕГАШНИТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ, НО И ЗА ОНА ШТО СЛЕДУВА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА. ЌЕ БИДАТ РЕАЛИЗИРАНИ ГОЛЕМ БРОЈ НА ПРОЕКТИ, ЌЕ ИМАМЕ ИНВЕСТИЦИСКИ РАЗВОЈ, НО И ГОЛЕМА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА КАКО НИКОГАШ ДОСЕГА. СО ОВА УШТЕ ЕДНАШ ЌЕ ПОТВРДИМЕ ДЕКА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БИЛА И ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА БИДЕ НАЈДОБРА ОПШТИНА ВО МАКЕДОНИЈА





# НАСТАНИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА Е ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА ПОМЕЃУ ФОНДАЦИЈАТА „НИКОЛА ЈАНЧЕВ„ И МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ.

ВО ПРИСУСТВО НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КАКО ОСНОВАЧ НА ФОНДАЦИЈАТА И БРОЈНИ АКАДЕМИЦИ И ПРОФЕСОРИ НА ФАКУЛТЕТИ, ДОГОВОРОТ ГО ПОТПИШАА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ФОНДАЦИЈАТАЈАНИНКА ЧУПАРКОСКА И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАНУ АКАДЕМИК ЖИВКО ПОПОВ.

ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОВОЈ ДОГОВОР НА ТРИ ГОДИНИ Е СО ЦЕЛ ПОТТИК ЗА ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ОВАА ИНСТИТУЦИЈА, ОСТВАРУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ, ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ОБЛАСТА НА НАУКИТЕ, ОБРАЗОВАНИЕТО, КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД.

СРЕДСТВАТА ЗА ДОНАЦИЈА СЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИЧКА ПЛАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈА ЈА ДОНИРА ВО ФОНДАЦИЈАТА И КОЈ ВОЕДНО БЕШЕ И ИНИЦИЈАТОР ЗА ПОТПИШУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР, КАКО И СРЕДСТВА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЖИВКО ПОПОВ СЕ ЗАБЛАГОДАРИ ЗА ОВАА ИНИЦИЈАТИВА КОЈА Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ, ДОДЕКА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ИСТАКНА ДЕКА ФОНДАЦИЈАТА „НИКОЛА ЈАНЧЕВ„И ПОНАТАМУ ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА СЛУЖИ КАКО МЕСТО ЗА СРЕДБИ И ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО ОД РАЗЛИЧНИ СФЕРИ НА ЖИВОТОТ И КАКО ТОЧКА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ДОВЕРБА И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО, ПРЕКУ ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО РЕШАВАЊЕ НА ВАЖНИ ПРАШАЊА И ТАКА ДА ПРИДОНЕСЕ ЗА ДОЛГОРОЧЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА СВОЈАТА ЗАЕДНИЦА.












ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ОБЕДИНЕТОСТА НА УКРАИНА 22 ЈАНУАРИ, ЗАЕДНО СО УКРАИНСКАТА АМБАСАДА, СЕ ОТВОРИ ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ ПОСВЕТЕНИ НА 1000 ДЕНОВИ ОД ВОЈНАТА, КОИ ЌЕ БИДАТ ИЗЛОЖЕНИ ДЕСЕТИНА ДЕНА ВО НАШАТА ОПШТИНА. СО ОВА УШТЕ ЕДНАШ ПОКАЖУВАМЕ СОЛИДАРНОСТ И ПОДДРШКА ЗА УКРАИНСКИОТ НАРОД.











# БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ

БОГ СЕ ЈАВИ
ОВАА ГОДИНА НА ПОТОПУВАЊЕТО НА ГРАДСКИОТ МОСТ КАВАДАРЦИ ЧЕСНИОТ КРСТ ВО РАЦЕТЕ НА ТРАЈЧЕ КОСТАДИНОВ, ДОДЕКА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ НАЈСРЕЌНИОТ БЕШЕ КУЗМАНЧО ХАЏИЕВ. ИМ ПОСАКУВАМЕ МНОГУ ЗДРАВЈЕ, БЛАГОДЕТ И СРЕЌА, НИВ И НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА
ПРЕД ПОТОПУВАЊЕТО НА КРСТОТ ПРЕТХОДЕШЕ БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА ВО ЦРКВАТА „СВ ДИМИТРИЈА", ПО КОЈА СВЕШТЕНИТЕ ЛИЦА ЗАЕДНО СО ПОВОРКАТА ПЕЕЈЌИ ЛИТИЈА СТИГНАА ДО ГРАДСКИОТ МОСТ.
ЗА МНОГУ ГОДИНИ „БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ"









52 СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!








Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Дизајн: Петре Здравков

Насловна фотографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**